Република Македонија

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

2010

за работењето на

# Дирекцијата за заштита на личните податоци

Дирекција за Заштита на Личните Податоци

Република Македонија

Дирекција за заштита на личните податоци

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2010 ГОДИНА

Бр. 01-635/1
Скопје, Март 2011 година

За издавачот:
Димитар Ѓеорѓиевски

Издавач:
Дирекција за заштита на личните податоци

Печати:
МПЦ-ОА-Митрополија Скопска печатница “Синај“

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

342.738.07(497.7)"2010"(047)

ГОДИШЕН извештај за работењето на Дирекцијата за заштита на личните податоци на Република Македонија во 2010 година. - Скопје : Дирекција за заштита на лични податоци, 2011. - 63 стр. : граф. прикази, табели ; 24 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-9989-2819-9-0

# Воведно обраќање



Димитар Ѓорѓиевски, директор

Дирекцијата за заштита на личните податоци во 2010 година успешно ги реализираше планираните активности и се фокусираше на започнување нови процеси кои обезбедуваат напредок на заштитата на личните податоци во Република Македонија.

Особено значајно за заштитата на личните податоци во извештајната година е донесениот Закон за измени и дополнувања на Законот за заштита на личните податоци ("Службен весник на Република Македонија " бр. 124/10). Со законот се зајакна улогата на Дирекцијата како единствен орган надлежен за надзор над законитоста на обработката на личните податоци и заштита на приватноста воопшто. Законот дозволи трасирање на нови приоритети и перспективи за идните активности и залагања на институцијата.

Годината ја завршивме со комплетно заокружена правна регулатива, донесени подзаконски акти со кои го имплементираме законот. Направена е нова организациска поставеност на Дирекцијата за заштита на личните податоци, со цел зголемување на ефикасноста и ефективноста во работењето. Акцент во нашетоработење ставивме на инспекцискиот надзор како примарна функција на институцијата.

Не помалку важно, а во Европски дух, ја негувавме превентивната улога на Дирекцијата. Подигнувањето на јавната свест и чувството на постоење и негување на правото на приватност и заштита на личните податоци кај граѓаните и кај контролорите, како и зголемувањето на ефикасноста во примената на одредбите и начелата за заштита на личните податоци се еден од главните приоритети во работењето на Дирекцијата.

Ефикасноста во напорите за општо информирање и имплементација на прописите подразбира и натамошно организирање на процесот на спроведување на обуки за заштита на личните податоци, што се покажа како најголема и најпозитивно прифатена промена за контролорите. На тоа укажува бројот на заинтересирани контролори за учество на обуките кои продолжуваат во континуитет.

Дирекцијата за заштита на личните податоци има обврска за следење на европската регулатива и стандарди, искуства од земјите членки на Европската унија и останатите земји, нивните добри практики. Во 2010 година се поставија темелите за имплементација на проекти финансирани од ИПА програмата, активности подржани од други фондови и организации, со цел поддршка на меѓународната соработка и нејзино натамошно продлабочување преку учество во работата на органите и телата на Европската Унија, Советот на Европа и останати мрежи што работат во областа на заштитата на личните податоци.

Креирањето на политиката за натамошен развој на Дирекцијата за заштита на личните податоци во 2010 година, ќе ни биде основа за работењето во 2011 година. Очекуваме зголемен обем на работа, успешна имплементација на законите, зајакнат визуелен идентитет на Дирекцијата, препознатливост на правото на заштита на личните податоци.

Уверен сум дека во годината што следи, ќе продолжиме успешно во оствaрување на нашите приоритети и справување со предизвиците кои следат во областа на заштита на приватноста.

*"Секој човек треба да знае дека неговата конверзација, неговата преписка и неговиот личен живот се ствар на приватност"– Линдон Џонсон*

Со почит,

# Содржина

МИСИЈА .................................................................................................... 6

1. ПОСТИГНУВАЊА И ПЕРСПЕКТИВИ ........................................................ 7

1.1 Постигнувања 2010 година ..........................................................7
1.2 Перспективи за 2011 година ..........................................................10

2. ПРАВНА РЕГУЛАТИВА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ .......12

2.1 Новели на законот за заштита на личните податоци ............................12
2.2 Подзаконска регулатива ..........................................................14
2.3 Имплементација ..........................................................15

3. ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР .......................................................... 23

3.1 Развој и зајакнување .......................................................... 23
3.2 Активности .......................................................... 24

4. ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР, ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА, СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ, АНАЛИЗА И СТАТИСТИКА ......................................... 26

4.1 Централен регистар .......................................................... 26
4.2 Стратешко планирање и анализа на политики .................................... 27
4.3 Офицер за заштитата на личните податоци ........................................ 28

5. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА ................. 30

5.1 Конференции и работни тела .......................................................... 31
5.2 Активности финансирани преку TAIEX .......................................... 32
5.3 Евроинтегративен процес .......................................................... 35
5.4 Подигнување на јавната свест .......................................................... 37
5.5 28 јануари - Европски ден на заштитата на личните податоци ........... 38

6. ОБУКИ .......................................................... 39

6.1 Програма за обуки на контролори и обработувачи на збирки на лични податоци .......................................................... 39
6.2 Обуки за контролори и обработувачи на збирки на лични податоци ..39
6.3 Учество во други обуки .......................................................... 39

7.КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК ................................... 40

8. СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР .... 41

9. ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА .......................................................... 42

10. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ ........................................................ 44

10.1 Реализација на буџетот за 2010 година – сметка тип 637 .......... 44

10.2 Реализација на буџетот за 2010 година – сметка тип 631 ........... 48

АНЕКС 1 ......................................................................................... 51

ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОРИ .................. 52

# МИСИЈА

Мисијата на Дирекцијата за заштита на личните податоци е да обезбеди транспарентност и информираност на граѓаните за правото на заштита на личните податоци и целосна заштита на ова право од какви било злоупотреби при собирањето, обработката и чувањето на личните податоци на граѓаните, како и заштита од неовластени промени, уништување и пренос на личните податоци, што се утврдува преку вршење надзор над обработката на личните податоци, согласно Законот за заштита на личните податоци.

Дирекцијата е одговорна за:

- креирање на нормативна политика за имплементација на прописите за заштитата на личните податоци;
- почитување на начелата за заштита на личните податоци;
- давање мислења по подзаконските акти на контролорите и обработувачите и помош во обработката на личните податоци;
- вршење надзор над обработката на личните податоци и нивната заштита;
- евалуација на законитоста на обработката на личните податоци;
- постапување по барања на физички лица за утврдување на повреда на нивните права во однос на обработката на личните податоци;
- водење на Централен регистар на збирки на лични податоци;
- водење на евиденција за извршен пренос на лични податоци во други држави;
- остварување на меѓународна соработка во областа на заштитата на личните податоци и учество во работата на меѓународни организации и институции за заштитата на личните податоци.

Покрај овие основни функции, Дирекцијата се стреми и кон реализирање на своите стратешки активности:

- промоција на „културата на заштита на личните податоци" кај сите контролори и обработувачи и кај пошироката јавност и
- постојано подобрување на квалитетот на политиките и насоките за заштита на личните податоци, секогаш кога тоа е услов за успешно исполнување на целите за заштита на личните податоци како основни слободи и права на граѓаните.

## 1.1 Постигнувања во 2010 година

Во текот на 2010 година се реализирани главните планирани активности и приоритети на Дирекцијата за заштита на личните податоци (во натамошниот текст: Дирекцијата) за извештајниот период, а кои беа фокусирани кон продолжување на започнатите и отпочнување на нови процеси кои ќе го обезбедат планираниот напредок во областа на заштитата на личните податоци на подолг рок.

- Активно партиципирање на Дирекцијата во градењето на конзистентен правен систем од аспект на доследно применување на начелата за заштита на личните податоци;
- Усогласување на законската регулатива за заштита на личните податоци преку измени и дополнувања на општиот пропис и посебните прописи во неколку одделни области во поглед на нејзина хармонизација со Директивата 95/46 ЕК;
- Активен придонес на Дирекцијата преку вклучување во проекти, работни групи и тела со цел да се постигне усогласеност на секторските прописи со начелата за заштита на личните податоци;
- Натамошна имплементација на прописите за заштита на личните податоци од страна на контролорите и обработувачите;
- Зголемено евидентирање на збирките на лични податоци што се водат на територијата на Република Македонија во Централниот регистар на збирки на лични податоци;
- Отпочнување на процесот на определување на одговорно лице - офицер за заштитата на личните податоци од страна на контролорите и нивна обука во Дирекцијата за заштита на личните податоци, согласно измените и дополнувањата на Законот за заштита на личните податоци од 2010 година;
- Донесување и имплементација на годишни програми за организирање обуки за контролорите и обработувачите на збирки на лични податоци, како и за вработените во Дирекцијата;
- Подигање на јавната свест на граѓаните за правото на заштита на личните податоци и инструментите што можат да ги користат доколку дојде до злоупотреба на ова нивно право;
- Подигање на јавната свест на граѓаните при користење на нивните лични податоци на интернет, а особено на мрежите за социјална интеракција;
- Одржување на континуитетот во остварувањето на меѓународна соработка со активно учество во работата на органите и телата на Европската унија, Советот на Европа и другите меѓународни мрежи што работат во областа на заштита на личните податоци, во рамките на расположливите буџетски средства;

- Интензивирање на соработката со државните органи и приватниот сектор, преку давање мислења и укажувања во врска со усогласеноста на нивните предлог закони и подзаконски акти со прописите за заштита на личните податоци и
- Континуирано вршење на инспекциски надзор над спроведувањето на Законот за заштита на личните податоци и прописите донесени врз основа на Законот во јавниот и приватниот сектор;

Од почетокот на 2010 година започнаа активностите на Работната група за изработување на Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци со кој се изврши анализа на европското законодавство и негово усогласување со Законот за заштита на личните податоци. Во работата на Работната група, а во рамките на TAIEX мисијата за измени и дополнувања на Законот за заштита на личните податоци (JNA IND/EXP 41346) беше вклучен и експерт, Г-дин Лукас Гундерман, од Центарот за заштита на личните податоци Шлесвиг-Холштајн, Киел, Германија, кој констатира дека предметниот Закон е во корелација со правото на Европската унија.

Со цел зајакнување на институционалната рамка за заштита на личните податоци во Република Македонија со која ќе се отстранат некои недостатоци кои беа забележани во досегашната пракса, како и заради обезбедување на повисоко ниво на правна заштита на граѓаните и истовремено намалување на злоупотребите при обработката на личните податоци од страна на контролорите и обработувачите и подигнување на јавната свест на граѓаните, контролорите и обработувачите, Дирекцијата подготви Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци.

За навремена и ефикасна имплементација на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци, како и во насока на поефикасно извршување на законските надлежности, кон крајот на 2010 година се изврши промена во организационата структура на Дирекцијата.

Имено, со новиот Правилник за внатрешна организација на Дирекцијата за заштита на личните податоци бр. 01-1600/1 од 10 Декември 2010 година се воспостави следната организациона структура и се воведоа следните сектори и одделенија:

1. **Сектор за исnспекциски надзор – запад** со две одделенија за инспекциски надзор над јавниот и приватниот сектор;
2. **Сектор за исnспекциски надзор – исток** со две одделенија за инспекциски надзор над јавниот и приватниот сектор;
3. **Сектор за правни работи и меѓународна соработка** со три одделенија;
4. **Сектор за Централен регистар, информатичка поддршка, планирање, анализа и статистика** со две одделенија и
5. **Одделение за човеки ресурси како одделение надвор од секторите**.

Како ефикасна алатка за подигнување на јавната свест за заштита на приватноста на граѓаните, Дирекцијата во текот на 2010 година започна да организира обуки за контролорите и обработувачите на лични податоци. Врз основа на член 40 став 1 алинеја 14 и член 41-а од Законот за заштита на личните податоци, директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци во насока на имплементација на одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/10) донесе Годишна пограма за обука на контролори на збирки на лични податоци и обработувачи ,за 2010 година бр. 02-1300/1 од 27.10.2010 година.

Исто така, од страна на директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци беше донесена и Годишна пограма за обука на контролори на збирки на лични податоци и обработувачи за 2011 година бр.02-1304/1 од 27.10.2010 година.

Воедно, со Упатство за начинот на организирање и спроведување на обуки на контролори и обработувачи бр. 02-1414/1 од 11.11.2010 година подетално се пропиша начинот на организирање и спроведување на обуки за заинтересираните контролори и обработувачи на збирка на лични податоци. Покрај ова, со Одлука за определување на висината на трошоци за вршење обука на заинтресираните контролори и обработувачи бр. 02-1396/1 од 08.11.2010 година се утврди висината на реалните трошоци на Дирекцијата за заштита на личните податоци за спроведување на обуки за заинтересираните контролори и обработувачи на збирки на лични податоци зависно од видот на обуките и модулите за кои се заинтересирани согласно Годишната програма за обуки на контролори и обработувачи на збирки на лични податоци.

## 1.2. Перспективи за 2011 година

Планирани активности и приоритети на Дирекцијата за 2011 година се:

- Натамошно постојано подигнување на свеста и чувството за постоење и негување на правото на приватност и заштита на личните податоци кај граѓаните од една страна и кај контролорите и обработувачите од друга страна;
- Подигање на ефикасноста во примена на одредбите и начелата за заштита на личните податоци во рамките на корпоративното управување кај контролорите и обработувачите;
- Интензивирање на инспекцискиот надзор во сите сегменти на општественото дејствување;
- Организирање на процесот на спроведување на обуки за заштита на личните податоци согласно имплементација на Годишната програма за 2011 година на Дирекцијата и дополнителните барања за обука на контролори на збирки на лични податоци и обработувачи за 2011 година;
- Редизајнирање на содржината на Централниот регистар на збирките на личните податоци со новите измени на Законот за заштитата на личните податоци и негово користење за потребите на инспекцискиот надзор;
- Ребрендирање на Дирекцијата и редизајнирање на ВЕБ страната на Дирекцијата;
- Испитување и следење на јавното мислење за правото на заштита на личните податоци;
- Организирање отворени денови за граѓаните и други активности во функција на подигање на јавната свест за заштита на личните податоци;
- Предлог за утврдување обврска за сите државни органи кои креирааат легислатива за задолжително прибавување мислење од Дирекцијата при донесувањето на прописите што имаат допирни точки со заштитата на личните податоци;
- Изработување на анализи за состојбата во однос на заштитата на личните податоци со предлог мерки за подобрување во одделни сектори;
- Понатамошно продлабочување на меѓународната соработка и активно учество во работата на органите и телата на Европската унија, Советот на Европа и останатите меѓународни мрежи што работат во областа на заштитата на личните податоци;
- Донесување на Стратегијата за развој на заштитата на личните податоци во Република Македонија за периодот 2011-2015 година со акциски планови и иплементирачки програми;
- Имплементација на ИПА 2008, Компонента 1, проектот “Поддршка на Дирекцијата за заштита на личните податоци”. кој има за цел да придонесе во јакнење на надлежностите на Дирекцијата за заштита на личните

податоци, подобрување на имплементацијата на законодавството во областа на личните податоци како и подигнување на јавната свест кај граѓаните за нивното право на заштита на личните податоци. Со Проектот "Поддршка на Дирекцијата за заштита на личните податоци" е предвидено да се изврши услогласување на домашното законодавство со европското, да се зајакнат институционалните капацитети на Дирекцијата за заштита на личните податоци, да се подигне јавната свест за правото на заштита на личните податоци како човеково право и да се надгради ИТ инфраструктурата на Дирекцијата за заштита на личните податоци.

## 2.1 Новели на законот за заштита на личните податоци

Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/10) влезе во сила на 29. 09.2010 година.

Со новелите на Законот се извршија следните изменувања и дополнувања:

- Зајакнети се постапките кои се водат пред Дирекцијата, во насока истата да може по претходно барање да добива податоци од службени регистри, јавно достапни збирки на податоци или други збирки на податоци кои се водат од страна на органите на државната власт, јавните институции, установи и други правни лица што водат службени регистри, јавно достапни збирки на податоци или други збирки на податоци, без надомест со цел ефикасно и навремено извршување на нејзините функции. Исто така, Дирекцијата ќе може да ги задолжува контролорите и обработувачите на одредено дејствие, во случаи кога е можно да се очекува отпор во извршувањето на истите;
- Доуредена е постапката при вршење инспекциски надзор над обработката на личните податоци (со цел обезбедување на повисок степен на контрола врз контролорите и обработувачите во јавниот и приватниот сектор) и правно е утврден статусот на инспекторите за заштита на личните податоци;
- Поконкретно е уредена обработката на личните податоци што е содржана во судските одлуки;
- Доуредена е постапката за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци. Имено, оваа постапка се спроведува согласно одредбите од глава IX-а за инспекцискиот надзор. Па така, барањето за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци кое што може да се поднесе против контролори или обработувачи се поднесува во секторот за инспекциски надзор. Воедно, постапката се води од страна на инспекторите во Дирекцијата преку вршење на инспекциски надзор, што придонесува кон поефикасно и поефективно постапување;
- Се создаде законска обврска на контролорите да определат офицер за заштита на личните податоци;
- Се допрецизираа одредбите за начинот на вршење видео надзор;
- Доуредена е постапката за издавање на одобрение за обработка на посебни категории на лични податоци и пренос на личните податоци во други држави;
- Се изврши усогласување со одредбите од Законот за електронско управување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 105/09), односно, барање за давање на лични податоци на користење може да се поднесе и по електронски пат во смисла на одредбите од Законот за

електронско управување;

- Доуредена е прекршочната постапка што се води пред Дирекцијата и намалени се прекршочните санкции.

Со овие измени и дополнувања се обезбеди:

- Сообразување на законодавството и спроведување на законите, како и приспособување на законите на Република Македонија со правото на Европската унија;
- Усогласување на Законот за заштита на личните податоци со националното законодавство на Република Македонија и
- Воспоставување на поефикасна заштита на правото на заштита на личните податоци (законодавство, институционална рамка).

## 2.2. Подзаконска регулатива

Врз основа на Законот за именување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци се извршија и соодветни изменувања и дополнувања на подзаконските акти донесени врз основа на одредбите на овој закон.

Во таа насока се извршија следните измени и дополнувања на поздаконските акти на Дирекцијата и тоа:

1. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10);
2. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за образецот, формата и содржината на легитимацијата и за начинот на нејзиното издавање и одземање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10);
3. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на образецот на известувањето за обработка на лични податоци и за начинот на известувањето во Централниот регистар на збирки на лични податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10);

Воедно, се донесоа и нови поздаконски акти и тоа:

1. Правилник за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видео надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10);
2. Правилник за формата и содржината на образецот за евиденција на извршениот пренос на лични податоци во други држави, како и за начинот на водење на евиденцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10) и
3. Правилник за начинот на вршење на инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10).

## 2.3 Имплементација

- **Дадени стручни мислења**

Дирекцијата континуирано дава мислења за прашања поврзани со обработката на личните податоци, како едно од основните слободи и права на граѓаните. Повеќето од мислењата се поврзани со закони, подзаконски акти и меѓународни договори, со документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци од страна на контролорите и прашања од физички и правни лица поврзани со злоупотреба на нивните лични податоци.

Дадени стручни мислења по области (Јануари 2010 - Декември 2010)

| **Област/институции** | **Број на стручни мислења** |
|---|---|
| Осигурување | 5 |
| Здруженија на граѓани | 2 |
| Увозници на возила | 1 |
| Транспорт | 1 |
| Пензиски друштва | 12 |
| Извршители | 1 |
| Банкарство | 25 |
| Телекомуникации | 9 |
| Здравство | 18 |
| Адвокатски канцеларии | 8 |
| Државни органи | 80 |
| Физички лица | 93 |
| Меѓународни | 10 |
| Финансии | 18 |
| Консултации по телефон | 403 |
| Судство | 5 |
| Јавни претпријатија | 7 |
| Фондации | 1 |
| Стопанска комора | 1 |
| Медиуми | 1 |
| Меѓународни организации | 1 |
| Здруженија на граѓани | 7 |
| Образование | 14 |
| Правни лица | 36 |
| Социјални работи | 1 |
| Политички партии | 1 |
| Угостителство/туризам | 1 |
| Човекови права | 1 |
| Енергетика | 2 |
| Акционерски друштва | 2 |
| **Вкупно** | **767** |

Мислења дадени по однос на закони, подзаконски акти и меѓународни договори

**Закони, подзаконски акти и меѓународни договори за кои Дирекцијата даде мислења**

| |
|---|
| Договор меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Индија за борба против меѓународниот тероризам, криминал и недозволена трговија со дрога |
| Спогодба меѓу Владата на Црна Гора и Владата на Република Македонија за реадмисија (враќање и прифаќање) на лица кои се без дозвола за престој |
| Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за преземање на лица кои престојуваат без дозвола |
| Договорот за полициска соработка меѓу Македонската Влада и Белгиската Влада |
| Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија за преземање на лица со нелегален влез и престој |
| Договор помеѓу Република Македонија и Исланд за преземање на лица со незаконски престој |
| Предлог Спогодбата на државите членки на регионалната иницијатива за миграции, азил и бегалци-MARRI за размена на податоци за лицата кои бараат азил |
| Предлог Протоколот за соработка помеѓу Националната Дирекција за антикорупција во рамки на Јавното обвинителство, Генерална Дирекција за антикорупција во рамки на Министерството за администрација и внатрешни работи на Романија |
| Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за оружјето по скратена постапка |
| Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации |
| Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам |
| Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за индустриска сопственост |
| Предлог Закон за електронско управување |

**Закони, подзаконски акти и меѓународни договори за кои Дирекцијата даде мислења**

| |
|---|
| Предлог Закон на Закон за гранична контрола |
| Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица |
| Предлог Закон за национално-криминалистичко разузнавачка база на податоци |
| Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на водење на евиденциите на полицијата и формата и содржината на образецот на евиденциите на полицијата |
| Правилник за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во државна матура во гимназиското, стручното и средното уметничко образование |
| Правилникот за содржината на Барањето за добивање на овластување за давање на претходна правна помош |
| Правилникот за содржината на образецот на трошковникот за обемот на извршената работа од овластени здруженија |
| Правилникот за формата и содржината на образецот на Барањето за запишување во Регистарот на адвокати за правна помош |
| Правилникот за содржината на образецот на Барањето за бесплатна правна помош |
| Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за стандардите за домување во станбените згради |
| Правилникот за формата и содржината на нумерираниот регистар што го водат субјектите кои приредуваат игри на среќа во играчница (казино) |
| Правилник за техничките барања за обезбедување на пристап до административните услуги по електронски пат и политиката на давателот за користените графички и други портали на информацискиот систем |
| Правилник за стандардите и правилата за безбедност на информациските системи кои што се користат во органите за комуникација по електронски пат |

| |
|---|
| Правилник за формата и содржината на основните елементи на барањето за доставување на административни услуги по електронски пат и за форматот на документот во електронска форма |
| Правилник за начинот на препознавање на единствената околина и комуникација меѓу органите по електронски пат преку единствената околина за размена на документи и податоци по електронски пат |
| Правилник за начинот на сертифицирање на информациските системи кои ги користат органите за комуникација по електронски пат, како и за формата и содржината на сертификатот за функционалност на информациските системи |
| Правилник за стандардите и правилата за унифицирани номенклатури во меѓусебната комуникација по електронски пат |
| Правилник за формата и содржината на евиденцијата на базите на податоци на органите кои меѓусебно комуницираат по електронски пат, начинот на нејзиното водење, форматот и содржината на образецот за известување за воспоставување на базата, за нејзиното одржување и чување, како и за промените што се однесуваат на нејзиниот статус, начинот на известувањето, како и начинот на користењето, запишувањето, пристапот и чувањето на евиденцијата на базите на административни услуги по електронски пат |
| Правилникот за критериумите во однос на просторните услови, објектите, материјално-техничката опрема и стручниот кадар на овластените стручни технички сервиси и на правните лица за деконтаминација и за формата и содржината на барањето за издавање на лиценца и формата и содржината на лиценцата |
| Правилник за начинот и роковите на испитување на изворите на јонизирачко зрачење, мерење на изложеноста на пациентите при дијагностички и терапевтски постапки,водење на евиденција и поднесување на извештаи |

*Извор: Деловодник на Дирекцијата за заштита на личните податоци*

- **Издавање на одобренија за пренос на податоци и обработка на посебните категории на лични податоци**

**Пренос на податоци:** Законот за заштита на личните податоци има посебни одредби за пренос на личните податоци во трети земји. Преносот на личните податоци е дозволен доколку Дирекцијата за заштита на личните податоци даде претходно одобрување и доколку се обезбедени соодветни заштитни мерки за заштита на личните податоци и заштита на приватноста и правата на слобода на субјекотот на личните податоци.

**Посебни категории на лични податоци:** Одредбите од Законот за заштита на личните податоци наметнуваат дополнителен предуслов за обработка на одредени категории на лични податоци. Контролорот на личните податоци мора да побара одобрение од Дирекцијата за заштита на личните податоци пред отпочнувањето на обработка на матичниот број на граѓанинот, податоци за расното и етничкото потекло, биометриски податоци и генетски податоци, освен ако не е должен да ги обработува истите според законот.

Исто така, Дирекцијата донесе две негативни Решенија во врска со обработката на биометриските податоци за контрола на работното време на вработените од страна на државните органи.

Издадени одобренија за пренос на личните податоци и обработка на посебните категории на лични податоци (Јануари 2010 - Декември 2010)

| Област | Број на барање | Решени | Одбиени | Запирање на постапката | Во постапка |
|---|---|---|---|---|---|
| Биометриски податоци | 4 | 3 | / | 1 | / |
| ЕМБГ | 3 | 3 | / | / | / |
| Пренос на лични податоци во др. држави | 3 | 3 | / | / | / |
| **Вкупно** | **10** | **9** | **/** | **1** | **/** |

*Извор: Деловодник на Дирекцијата за заштита на личните податоци*

- **Дадени укажувања по области**

Дирекцијата издаде 43 укажувања за ефикасна примена на одредбите и начелата за заштита на личните податоци од страна на контролорите и обработувачите. Поголемиот дел од укажувањата беа издадени на државните органи (Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски и Министерството за здравство), оператори во телекомуникацискиот сектор, банки, поради тоа што личните податоци беа преобемни во однос на целта заради која истите се собираат и се обработуваат и според тоа не беа во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

Дадени укажувања по области (Јануари 2010 - Декември 2010)

| **Област** | **Број на укажувања** |
|---|---|
| Интернет | 2 |
| Здравство | 4 |
| Државни органи | 5 |
| Физички лица | 3 |
| Образование | 1 |
| Трговија, производство и услуги | 9 |
| Медиуми | 2 |
| Финансии | 1 |
| Угостителство/туризам | 2 |
| Судство | 1 |
| Банкарство | 3 |
| Адвокатски канцеларии | 1 |
| Телекомуникации | 7 |
| Јавни претпријатија | 1 |
| Здруженија на граѓани | 1 |
| **Вкупно** | **43** |

*Извор: Деловодник на Дирекцијата за заштита на личните податоци*

- **Постапки за утврдување повреда на правото на заштита на личните податоци согласно член 18 од Законот за заштита на личните податоци**

Дирекцијата постапува по Барања за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци поднесени од физички лица. Постапката за остварување на ова право согласно член 18 на овој закон завршува со решение на директорот на Дирекцијата, против кое може да се поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Согласно последните измени и дополнувања на Законот за заштита на личните податоци објавени во Службен весник на Република Македонија број 124/10, за повреда на правото на заштита на личните податоци инспекторот за заштита на личните податоци води инспекциска постапка и одлучува со решение согласно одредбите од глава IX-а – инспекциски надзор.

**Поднесени барања за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци**

| **Област** | **Број на барања** | **Утврдено повреди** | **Одбиени** | **Во постапка** |
|---|---|---|---|---|
| Телекомуникации | 1 | 1 | | |
| Локална самоуправа | 3 | 2 | 1 | 0 |
| Судство | 1 | | 1 | |
| Приватен сектор | 4 | 4 | | 0 |
| Физички лица | 4 | 2 | 2 | 0 |
| Осигурување | 1 | | 1 | |
| Медиуми | 1 | 1 | | |
| МВР | 16 | | 10 | 6 |
| Образование | 2 | 2 | | |
| Здруженија на граѓани | 1 | | 1 | |
| **Вкупно** | **34** | **12** | **16** | **6** |

- **Интернет злоупотреби на личните податоци**

Една од областите за кои во текот на 2010 година Дирекцијата прими најголем број на барања за заштита од злоупотреба на личните податоци е интернетот. Барањата за злоупотреба на личните податоци на интернет се однесуваа особено на:

- креирање лажни профили на интернет страници за социјална интеракција Facebook - 153
- злоупотреба на лозинка на профили и електронски адреси - 2
- поставување на видео материјал без согласност на субјектот на личните податоци - 3

По однос на барањата за злоупотреба на личните податоци на интернет страници и портали регистрирани во други држави, Дирекцијата упатуваше барања за отстранување на лажните профили, фотографиите објавени без согласност на субјектот на личните податоци или спорните содржини.

## 3.1 Развој и зајакнување

Во текот на 2010 година, Дирекцијата особно внимание посвети на спроведувањето на одредбите од Законот за заштита на личните податоци во делот на вршењето на инспекцискиот надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци, како една од основните функции на Дирекцијата

Во правец на зајакнувањето на оваа основна функција на Дирекцијата извршена е промена во организациската структура на инспекцискиот надзор, односно формирани се два (2) сектора за инспекциски надзор и тоа Сектор за инспекциски надзор-запад и Сектор за инспекциски надзор-исток.

Со новите измени на законот утврдени се прецизни и кратки рокови за постапката што се води во текот на инспекцискиот надзор. Лицата овластени за вршење на инспекциски надзор добија својство на инспектори за заштита на личните податоци кои за утврдените повреди донесуваат решенија, а против кои контролорите и обработувачите можат да поднесат тужба за поведување управен спор пред Управниот суд на Република Македонија.

Со Правилникот за начинот на вршење инспекциски надзор[1] донесен од страна на директорот на Дирекцијата, детално е пропишана постапката за начинот на вршење на инспекцискиот надзор кај контролорите односно обработувачите, согласно Годишната програма и месечните планови на Дирекцијата и секторите.

Со цел на физичките и правните лица да им се овозможи полесен начин да го остварат правото на заштитата на личните податоци, на интернет страницата[2] на Дирекцијата е објавен образецот на Иницијативата за вршење на инспекциски надзор. Исто така, на интернет страницата на Дирекцијата објавена е и Основната листа за проверка на контролорите, како и насоките за нејзиното пополнување.

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци и Правилникот за формата и содржината на поканата за едукација, инспекторите за заштита на личните податоци започнаа со спроведување на едукација на контролорите. Во Правилникот детално е пропишана формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведувањето на едукацијата, како и начинот на водењето на евиденција за спроведената едукација.

---

[1] „Службен Весник на Република Македонија“ бр. 158/10

[2] www.dzlp.mk

## 3.2 Активности

Во текот на 2010 година Секторот за инспекциски надзор изврши вкупно 117 инспекциски надзори од кои 44 редовни, 56 вонредни и 17 контролни надзори (слика бр.1)[3]. Постапките за 24 инспекциски надзори кои започнаа во 2009 година, завршија во 2010 година (слика бр.2)[4]. Најголемиот дел од вонредните инспекциски надзори се извршени во приватниот сектор. Со извршените инспекциски надзори беа опфатени контролори од јавниот и приватниот сектор и физички лица. Во приватниот сектор беа опфатени 53 контролори од кои во јавниот сектор 58 контролори и 6 физички лица (слика бр.3)[5].

Во текот на 2010 година составени се 86 записници од извршени инспекциски надзор (6 предмети започнати во 2009 година и 80 за предмети започнати во 2010 година); 64 решенија (10 за предмети започнати во 2009 година и 54 за предмети започнати во 2010 година); 15 записници за порамнување со издадени 127 платни налози по извршен контролен и вонреден инспекциски надзор во 2010 година и 11 барања за поведување на прекршочна постапка се поднесени до Комисијата за одлучување по прекршок на Дирекцијата за заштита на личните податоци. Во 14 случаи порамнувањето е одбиено.

Инспекциските надзори беа извршени во државни органи, органи за спроведување на законот, единиците на локалната самоуправа, осигурителни компании, физички и правни лица со различна дејност.

Приоритетни области за вршење на инспекцискиот надзор беа државните органи, образованието, здравството, трговија и производство, локалната самоуправа, физичките лица и осигурување.

Иако контролорите соработуваат со Дирекцијата при вршењето на инспекцискиот надзор, голем дел од нив, особено контролорите од јавниот сектор воопшто не постапуваат по задолженијата од решенијата. Заради ова степенот на имплементација на одредбите од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци кај контролорите (особено во јавниот сектор) е низок, а воедно не се применуваат и начелата за заштита на личните податоци.

Во текот на 2010 година, граѓаните и правните лица најмногу претставки доставија во врска со обработка на личните податоци преку видео надзор, обработка на личните податоци за цели на директен маркетинг без да им биде побарана согласност од страна на контролорите, обработка на личните податоци без законски основ и без согласност на субјектот на личните податоци (граѓанинот), крадење на идентитет, собирање на матичниот број на граѓаните без да постои законски основ за тоа и задржување на лична карта при влез во службените простории кај некои контролори.

---

[3] Анекс 1, стр. 52
[4] Анекс 1, стр. 52
[5] Анекс 1, стр. 52

Во 2010 година Дирекцијата забрани вршење на видео надзор надвор од просторот кој е доволен за исполнување на целите за кои е поставен и отстранување на дел од камерите што ги снимаат просториите во центрите за лекување зависност, како и намалување на бројот на камерите и пренасочување на дел од камерите што ги снимаат ходниците и чекалните во јавните здравствени установи кај контролор од јавниот сектор. Дирекцијата забрани вршење на видео надзор надвор од просторот кој е доволен за исполнување на целите за кои е поставен и во образовни институции, во државни органи, во трговски друштва и во заедничките делови од станбени згради.

Исто така, при вршењето на инспекцискиот надзор во 2010 година, контролорите даваа објаснување дека една од целите заради која го поставуваат системот за вршење видео надзор е и контролата на ефикасноста на работењето на вработените. Во Законот за заштита на личните податоци не е утврдена контролата (следењето) на ефикасноста на работењето на вработените како цел на поставување на видео надзорот во деловните или службените простории на контролорот. Постојаното вршење на видео надзор врз вработените не е во согласност и со уставно загарантираните права за заштита на личните податоци и заштита на приватноста. Европската регулатива и практика покажува дека ова претставува директна повреда на правото на заштита на личните податоци и приватноста и во никој случај не може да се користи како инструмент за зголемување на ефикасноста и ефективноста во работењето, за што во позитивните прописи се предвидени други методи, мерки и активности.

Констатирано е дека правните и физичките лица често поставуваат видео надзор на јавни места (улици, паркинзи, паркови, тротоари, плоштади) заради снимање на автомобилите на сопствениците/вработените или пренесување на снимките на интернет заради популаризација на нивните интернет страници. Овој вид на вршење на видео надзор не е во согласност со целите предвидени во Законот за заштита на личните податоци. Во текот на 2010 година, против конечните решенија донесени врз основа на извршен инспекциски надзор беше поведен еден управен спор, кој е во тек

Во периодот од 21.10.2010 година до 31 декември 2010 година во Дирекцијата, Сектор  за инспекциски надзор примени се **66 претставки.** Сите се од областа на личните податоци, 41 од нив се поднесени електронски и 25 писмено. Во 49 претставки подносители се физички лица, 5 се поднесени од правни лица и 12 се анонимни. Постапено е по сите 66 претставки.

## 4.1 Централен регистар

Во текот на 2010 година тековно се реализираше регистрирањето на контролорите и нивните збирки на лични податоци во Централниот регистар на збирки на лични податоци (Централниот регистар), Централниот регистар имаше значителен придонес за транспаретното дејствување на Дирекцијата како инструмент за остварување на правото на информирање на граѓаните за збирките на лични податоци што ги водат контролорите, но и пријава или барање за бришење на податоците кои неосновано се водат. Воедно Централниот регистар дава солидна основа за интерни согледувања и анализи за состојбите со збирките со личните податоци во оделни области и можност за насочено работење. За време на извештајниот период во Централниот регистар се регистрирани вкупно 178 контролори и 404 збирки на лични податоци. Од воспоставувањето на Централниот регистар па досега, регистрирани се вкупно 301 контролор и 714 збирки на лични податоци. Регистрирањето на контролорите се врши во рамки на 36 организациски форми.

Согласно изменувањата и дополнувањата на Законот за заштита на личните податоци „Службен весник на Република Македонија" бр.124/10), предвидена е обврска со која контролорите се должни да определат офицер за заштита на личните податоци (член 26а).

Исто така во текот на 2010 година согласно измените и дополнувањата на Законот за заштита на личните податоци, директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци донесе Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на образецот на известувањето за обработка на личните податоци и за начинот на известувањето во Централниот регистар на збирки на лични податоци со цел олеснување на регистрацијата на контролорите и пријавувањето на збирките на личните податоци, начинот на одобрување на контролорите од страна на Дирекцијата, обврската за пријавување на промени во Централен регистар, а воедно утврдена е и формата на образецот на Известувањето .

Во функција на имплементирање на новите акти за Централниот Регистар, Дирекцијата започна со интензивно запознавање на контролорите со новата обврска, преку испраќање на известувања за исполнување на обврската. Во првите месеци од стапувања на сила на измените на законот, а како резултат на преземените активности со испраќање на известувањата, во Централниот Регистар се пријавени вкупно 293 офицери за заштита на личните податоци. Централниот Регистар во континуитет испраќа известувања на контролорите за заштита на личните податоци со цел нивно информирање за обврските за регистрација во Централниот Регистар и за назначување на офицер за заштита на личните податоци.

**ПРЕГЛЕД НА ПРИЈАВЕНИ КОНТРОЛОРИ И ЗБИРКИ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ЗА 2010 ГОДИНА ПО МЕСЕЦИ**



## 4.2 Стратешко планирање и анализа на политики

Дирекцијата пристапи кон среднорочно стратешко планирање на работењето од 2007 година кога го донесе првиот Стратешки план за работа. Редовно на годишно ниво се врши ревизија на Стратешкиот план за тековната година, се бележат реализираните активности од претходната година и се подготвуваат проекции за наредните две години. Планираните **очекувани резултати во 2010** утврдени со Стратешкиот план за 2010 година се реализирани и тоа:

- Подготвен е Коментар на Законот за заштита на личните податоци;
- Подготвен е Прирачник за практично спроведување на Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;
- Подготвен е работен текст на Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци;

Во текот на 2010 година е договорено подготовката на завршната верзија и донесувањето на Стратегијата за заштитата на личните податоци во Република Македонија во периодот 2011-2015 г. да се реализира во 2011 година со подршка преку ИПА 2008, Компонента 1, проект Поддршка во изработка на стратешки документи и акциски планови, вклучувајќи истражување на свеста кај медиумите за подобрена имплементација на правото на заштита на личните податоци.

## 4.3 Офицер за заштитата на личните податоци

Со измените и дополнувањата на Законот за заштита на личните податоци во 2010 година за прв пат е воспоставен институтот офицер за заштитата на личните податоци – одговорно лице за заштитата на личните податоци. Согласно законот, офицерот за заштитата на личните податоци, меѓу другото, е надлежен за:

- учество во донесување на одлуки поврзани со обработката на личните податоци и остварувањето на правата на субјектите на личните податоци;
- следење и усогласување на интерните прописи со законските и подзаконски акти од областа и изготвување на интерните акти, документацијата за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци и координирање на нивната имплементација;
- предлагање на обуки за вработените во врска со заштита на личните податоци и други обврски кои произлегуват од законот.

Дирекцијата за заштита на личните податоци испрати известување за именувања на офицери за заштита на личните податоци до 571 контролор на збирки со личните податоци и тоа:

- 85 единици на локална самоуправа (електронски)
- 26 комори;
- 50 високо образовани институции;
- 170 нотари;
- 78 извршители;
- 6 осигурителни компании
- 156 веќе регистрирани контролори на збирки на личните податоци

**ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА НАЗНАЧЕНИ ОФИЦЕРИ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ КОИ ДОСЕГА СЕ ПРИЈАВЕНИ ОДНОСНО РЕГИСТРИРАНИ ВО ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА КОНТРОЛОРИ**

| Организациска форма | Бр. |
|---|---|
| Акционерски друштва (АД) | 47 |
| Државени органи | 40 |
| Друштва со ограничена одговорност (ДОО) | 31 |
| Друштва со ограничена одговорност основани од едно лице (ДООЕЛ) | 24 |
| Единици на локална самоуправа | 21 |
| Здравствени установи | 10 |
| Здравствени организацији | 3 |
| Здруженија на граѓани | 36 |
| Јавно обвинителство | 3 |
| Јавни претпријатиа | 7 |
| Јавни трговски друштва (ЈТД) | 1 |
| Лица кои вршат јавни овластувања согласно на закон | 2 |
| Меѓународни организации | 1 |
| Научни установи | 1 |
| Образовно воспитни установи | 66 |
| Образовно-научна установа | 21 |
| Органи на државна управа | 9 |
| Останати комори и деловни здруженија | 5 |
| Подружници и претставништва на странски друштва | 1 |
| Стопанска интересна заедница | 2 |
| Судови | 14 |
| Установа која врши јавна дејност | 11 |
| Фонд | 2 |
| Фондација | 3 |
| **Вкупно** | **361** |

Една од стратешките определби на Дирекцијата е остварувањето на меѓународна соработка во областа на заштитата на личните податоци и учеството во работата на телата на Европската унија, Советот на Европа и другите меѓународни мрежи на органите за заштита на личните податоци. Остварувањето на меѓународната соработка е клучна претпоставка за успешност на Дирекцијата, бидејќи на овој начин се следат најновите искуства и ставови во областа на заштитата на личните податоци.

## 5.1 Конференции и работни тела

- **Работна група 29**

Дирекцијата од април 2007 година има статус на набљудувач во Работната група 29[6] во рамките на Директоратот за правда, слобода и безбедност на Европската комисија. Иако првично отпочна да ги следи нејзините состаноци што се одржуваат во Брисел, Дирекцијата заради недостаток на буџетски средства потребни за покривање на трошоците за следење на состаноците на Работната група 29, не беше присутна во својство на набљудувач на ниту еден состанок на оваа Работна група во текот на 2010 година.

- **Консултативен комитет на Совет на Европа**

Дирекцијата како надлежен орган за заштита на личните податоци во Република Македонија е член на Консултативниот Комитет (T-PD)[7] на Советот на Европа.

Од 1 до 4 јуни 2010 година, претставник на Дирекцијата учествуваше на Пленарната седница на Комитетот каде приоритетна тема беше изготвувањето на Препораките за заштита на физичките лица во врска со автоматската обработка на личните податоци во рамките на профилирањето во приватниот сектор. Дирекцијата презентираше свој извештај за актуелните состојби во полето на заштита на личните податоци како и извештај за одбележувањето на 28 јануари – Европскиот ден за заштита на личните податоци.

- **Пролетна конференција**

Претставници на Дирекцијата земаа учество на Пролетната конференција на Европските органи за заштита на личните податоци што се одржа од 29 до 30 април 2010 година во Прага, Република Чешка, а чија цел е остварување на поблиска соработка помеѓу европските надзорни органи кои работат на полето на заштитата на личните податоци. Главни теми на кои беше посветена Конференцијата беа интернет и сеприсутниот мониторинг во времето и просторот, децата како корисници на интернет, критичните точки во заштитата на личните податоци, учеството и придонесот на јавниот сектор како привилегиран обработувач на личните податоци и етничко профилирање.

---

[6]Работната група за заштита на личните податоци во рамките на Генералниот директорат за правда, слобода и безбедност на Европската комисија е формирана врз основа на член 29 од Директивата 95/46/ЕК на Европскиот парламент и Советот од 24 Октомври 1995 година за заштита на лица во однос на автоматската обработка на личните податоци.

[7]Консултативен Комитет (T-PD) е стручно тело за заштита на личните податоци во рамките на Советот на Европа во кое членуваат претставници од надзорните органи за заштита на личните податоци од земјите членки на Советот на Европа

- **Меѓународна група за заштита на личните податоци во областа на телекомуникациите**

Меѓународната група за заштита на личните податоци во областа на телекомуникациите е стручна група во која Дирекцијата е вклучена од почетокот на 2007 година. Во текот на 2010 година, со оглед на ограничените финансиски средства, Дирекцијата присуствуваше на една од двете одржани работилници на оваа група, која што се одржа во периодот 14-16 април 2010 година во Гранада, Шпанија. На овој состанок стручната група ги разгледа аспектите на обработка на личните податоци преку уредите за снимање на возила, дигитални податоци и слободата на информирање, приватноста и "наследувањето" на е-маиловите, приватноста и меѓународните стандарди, приватноста на социјалните мрежи и просторни податоци и приватноста.

- **Работилница за случаи од практиката за заштита на личните податоци**

Во текот на 2010 година Дирекцијата учествуваше на работилница за случаи од практиката за заштита на личните податоци, која што се одржа на 18 и 19 март 2010 година во Брисел, Белгија. На оваа работилница се разгледуваа случаи од практиката за заштита на личните податоци поврзани со медицински податоци обработувани за цели на научни истражувања, директен маркетинг, електронски картички во јавниот сообраќај, мобилност и рекламирање на интернет.

- **4та Годишна конференција - Data Protection Intensive**

Годишната конференција European Data Protection Intensive е пан-европски настан организиран од страна на најголемите европски консултантски компании кои работат во полето на заштитата на личните податоци. Конференцијата е место каде се одржуваат интерактивни презентации со водечките експерти во областа на заштитата на приватноста, консултации и дискусии со професионалци од оваа област. На 4та Годишна конференција експертите се осврнаа на меѓународен пренос на лични податоци, он лајн однесување, сигурност на личните податоци и известувања за повреди на правото на заштита на личните податоци и имплементација на регулативи. Во делот на интерактивни сесии со претставниците од над 30 земји, Дирекцијата ги презентираше актуелните состојби во областа на заштитата на личните податоци во Република Македонија.

## 5.2 Активности финансирани преку TAIEX

- **Студиска посета за степенот на заштита на посебните категории на лични податоци – Комисија за заштита на личните податоци, Париз, Франција**

Целта на посетата на Комисијата за заштита на личните податоци на Република Франција беше размена на искуства за обработката на посебните категории на лични податоци, анализа и размена на идеи за дополнително регулирање во домашното законодавство. Посебен акцент беше ставен на начинот на имплементација на регулативите за заштита на личните податоци во однос на посебните категории на лични податоци и тоа: етничко потекло, политичка и религиска определба, членство во синдикати, здравствени, генетски, биометриски и податоци поврзани со сексуалниот живот.

- **Студиска посета за примена на информатичките технологии при вршењето на инспекцискиот надзор – Агенција за заштита на личните податоци, Мадрид, Шпанија**

Брзиот развој на информатичката и комуникациската технологија придонесува и за постојано надградување на нивната примена. Оттаму, целта на посетата на Агенцијата за заштита на личните податоци, Мадрид, Шпанија, беше размена на искуства за примената на информатичките технологии вршењето на инспекцискиот надзор, особено при вршењето надзор над техниките на контрола на различни типови на бази на податоци и методите за идентификување на ИКТ сигурноста на базите на податоци.

- **Студиска посета за подигнување на јавната свест – Инспекторат за заштита на личните податоци, Осло, Норвешка**

Подигнувањето на јавната свест кај граѓаните за нивното право на заштита на личните податоци е постојан процес кој мора да ги следи сите актуелни прашања на општата и сегментираните јавности. Токму размената на искуства за креирање на комплексни акциски планови и стратегии за комуникација со јавноста, беше целта на студиската посета на Инспекторатот за заштита на личните податоци на Норвешка. Во текот на студиската посета, сите сектори во Инспекторатот ги презентираа своите активности за поддршка на подигнувањето на јавната свест.

- **Студиска посета за видео и аудио надзор поставен со цел заштита на сопственоста - Агенција за заштита на личните податоци, Мадрид, Шпанија**

Целта на студиската посета на Агенцијата за заштита на личните податоци на Шпанија беше размена на компаративни искуства, анализи, мислења и идеи како да се заштити правото на приватност и заштита на личните податоци

во случаи на вршење на видео и аудио надзор поставен со цел заштита на сопственоста. Главни теми на оваа студиска посета беа имплементацијата на законот и одделните подзаконски акти за заштита на личните податоци во случаи на вршење на видео надзор во: сообраќајната безбедност, стамбените згради, здравствениот сектор и видео надзорот над вработени.

- **Студиска посета за техники на подготовка на Стратешки план - Комисија за заштита на личните податоци, Вилмслоу, Велика Британија**

Студиската посета за техники на подготовка на Стратешки план во Комисија за заштита на личните податоци на Велика Британија имаше за цел да ги спои тимовите кои работат на креирање на стратешки планови на двете надзорни тела и да разменат искуства за начините на идентификување на главните стратешки цели за планираниот период, подготовка и имплементација на стратешките планови, планирање на хоризонтални релации со други институции, ГАП анализи како и консултации по однос на процедурите на одделни институции.

- **Експертска мисија за измените и дополнувањата на Законот за заштита на личните податоци**

Во текот на 2010 година беа финализирани измените и дополнувањата на Законот за заштита на личните податоци. Во финалната фаза на подготовка на текстот, Дирекцијата увиде потреба од експертиза во форма на коментари и мислења од аспект на усогласеност со легислативата на Европската унија. За таа цел, преку TAIEX инструментот беше ангажиран експертот Лукас Гундерман од Институтот за заштита на личните податоци од Сојузна Република Германија кој го даде својот придонес давајќи детален приказ на европските трендови и влијанија во полето на заштитата на личните податоци.

- **Експертска мисија за измените и дополнувањата на правилниците за заштита на личните податоци, Андреј Томшиќ, Република Словенија**

Процесот на измени и дополнувања на Законот за заштита на личните податоци беше проследен и со процесот на измени на постоечките и носење на нови правилници за заштита на личните податоци. Со цел размена на искуства за практичната примена на подзаконските акти и нивно доусовршување, TAIEX инструментот обезбеди тим од Дирекцијата да соработува со експертот Андреј Томшиќ, заменик директор во Инспекторатот за заштита на личните податоци на Република Словенија.

- **Експертска мисија за заштита на личните податоци при вршење на видео надзор и обработка на биометриски податоци**

Со измените и дополнувањата на Законот за заштита на личните податоци се создаде нова обврска во делот на вршењето на видео надзор, а тоа е

носење на Правилник за начинот на вршење на видео надзор. Експертската мисија извршена од страна на експертот Хавиер Семпере Саманиего од Агенцијата за заштита на личните податоци, Мадрид, Шпанија, имаше за цел размена за начинот на вршење на инспекциски надзор од страна на инспекторите на Дирекцијата во специфични случаи на вршење на видео надзор и обработка на биометриските податоци.

- **Работилница за медиумите и заштитата на личните податоци**

На 19.11.2010 година беше одржана Работилница за медиумите и заштитата на личните податоци. Потребата за организирање на оваа работилница произлезе од зачестените случаи на медиумско објавување на личните податоци на лицата за кои се известува, па оттаму работилницата за своја целна група ги имаше новинарите и уредниците во медиумите. Тројцата експерти, Наташа Пирц Мусар, директор на Инспекторатот за заштита на личните податоци на Република Словенија, Хавиер Семпере Саманиего и Емилио Асед Фелез од Агенцијата за заштита на личните податоци, Мадрид, Шпанија, ги пренесоа своите практични искуства преку презентирање на начелата за заштита на личните податоци, се обидоа да одговорат на прашањето како да се создаде баланс помеѓу приватноста и публицитетот и дадоа корисни примери за случаи и добри практики за заштита на личните податоци.

## 5.3 Евроинтегративен процес

- **Национална програма за усвојување на правото на Европската унија**

Во 2010 година Дирекцијата во најголема мера ги реализираше целите кои се однесуваат на извршувањето на основните надлежности дефинирани во Поглавјето 23 - Правосудство и фундаментални права од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) за 2010 година. Мерките и активностите што беа планирани за остварување на целите во извештајниот период се однесуваа на заокружување на законската регулатива преку измени и дополнувања на Законот за заштита на личните податоци и донесување или измени и дополнувања на правилниците кои произлегуваат од измените на Законот и отпочнување со целосна имплементација што обезбеди операбилност на Дирекцијата за остварување на функциите утврдени со измените на законот, како и градење на институционалниот капацитет посебно во делот на инспекцискиот надзор на Дирекцијата. Кон крајот на 2010 година е направена ревидирана НПАА за 2011 година.

- **Поткомитет за правда, слобода и безбедност**

На седмиот состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност помеѓу Европската унија и Република Македонија, што се одржа во Скопје во септември 2010 година, повторно беше ставен акцент на фундаменталните човекови права, меѓу кои и на правото за заштита на личните податоци. Работата на Дирекцијата беше претставена на соодветно ниво, преку прецизна и компетентна презентација за нејзиниот развој и работа, како и преку одговорите на прашањата на претставниците од Европската комисија.

- **ИПА 2008 – инструментот за предпристапна помош**

Дирекцијата е корисник на ИПА 2008 - инструментот за предпристапна помош на Европската унија. Во текот на 2010 година беше усвоена финалната верзија на документот за проектните задачи, а од страна на Делегацијата на Европската комисија беше спроведена процедурата за избор на најповолен понудувач за реализација на проектот. Според планираната динамика, почетниот датум на проектот е 10.01.2011 година, а неговото вкупно времетраење е 18 месеци.

Проектот има за цел да придонесе за зајакнување на надлежностите на Дирекцијата за заштита на личните податоци, подобрување на имплементацијата на законодавството во областа на личните податоци како и подигнување на јавната свест кај граѓаните за нивното право на заштита на личните податоци.

Проектните активности се поделени во компоненти кои ги следат заложбите на ЕУ за подигнување на јавната свест, зајакнување на капацитетите на институциите и подобрување на импелментацијата на законите.

**Компонента 1:** Услогласување на домашното законодавство со европското

**Компонента 2:** Зајакнување на институционалните капацитети на Дирекцијата за заштита на личните податоци

**Компонента 3:** Подигнување на јавната свест за правото на заштита на личните податоци како човеково право

**Компонента 4:** Надградба на ИТ инфраструктурата на Дирекцијата за заштита на личните податоци

- **Проект за воспоставување на Меѓународни координативни единици на органите надлежни за спроведување на законот-International Law Enforcement Coordination Units (ILECU's)**

Целта на овој проект е соработка на меѓународно ниво на органите надлежни за спроведување на законот, насочено кон борба против сите видови на организиран криминал преку брзи проследувања, најдобра организација и воведување на меѓународни стандарди за квалитет при размена на информации и податоци. Претставниците на Дирекцијата дадоа значителен број на предлози и сугестии при подготовката на Одлуката за воспоставување на Единица за меѓународна координација на органите за спроведување на законот (ILECUs), спроведувањето на втората Мониторинг посета на Република Македонија, подготовката на Прирачник за постапување на Единицата за меѓународна координација на органите за спроведување на законот (ILECU) во извршување на работите и работните задачи од делокруг на нејзината надлежност како и во подготовката на Меморандум за соработка за начинот на остварување координација на меѓународната соработка помеѓу Министерството за внатрешни работи, Министерство за финансии - Царинска управа, Министерството за финансии - Управа за финансиска полиција, Јавно обвинителство на Република Македонија и Министерство за правда

## 5.4 Подигнување на јавната свест

**Актуелни прашања**

Подигнувањето на јавната свест и информирањето на граѓаните за правото на заштита на личните податоци и приватноста продолжува да биде еден од клучните императиви во работењето на Дирекцијата и во 2010 година. Дирекцијата беше насочена кон афирмирање на правото на заштита на личните податоци пред граѓаните, како и едукација на контролорите, за почитување на нивните обврски што произлегуваат од собирањето, обработката и чувањето на личните податоци на граѓаните.

Во текот на 2010 година, најактуелните прашања кои за медиумите беа во фокус на интересот:

- измените и дополнувањата на Законот за заштита на личните податоци;
- заштитата на приватноста на младите при користењето на порталите за социјална интеракција и интернетот;
- заштитата на личните податоци во образованието;
- медиумите како обработувачи на личните податоци;
- новите надлежности на Дирекцијата

Покрај наведените актуелни прашања, Дирекцијата континуирано ја информираше јавноста за заштитата на личните податоци во сите други области од општественото живеење.

| ***Тип на медиум*** | ***Број*** |
|---|---|
| Весник | 40 |
| ТВ | 54 |
| Радио | 12 |
| **Вкупно** | **105** |

## 5.5 Одбележување на 28 јануари - Европски ден на заштитата на личните податоци

На 28 јануари 2010 година, Дирекцијата за заштита на личните податоци по четврти пат организираше настан „ОТВОРЕН ДЕН ЗА ГРАЃАНИТЕ“ за одбележување на 28 јануари - Европскиот ден на заштита на личните податоци. Настанот се одржа во просториите на ЕУ Инфо центарот, Скопје, од 10:00 – 14:00 часот

На 28 јануари 1981 година беше отворена за потпис *Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматската обработка на личните податоци,* позната како *Конвенцијата 108*, а 25 години подоцна, Советот на Европа во 2006 година овој датум го определи за Европски ден на заштитата на личните податоци. Основна цел на настаните кои се организираат за одбележување на овој ден е подигнување на јавната свест за заштита на личните податоци и информирање на граѓаните за нивните права во оваа област и контролорите за нивните обврски, со што би се овозможило остварување на овие права и обврски на поефикасен начин.

На четвртото одбележување на Европскиот ден за заштита на личните податоци – 28 јануари, Дирекцијата за заштита на личните податоци презентираше препораки и совети за заштита на личните податоци од специфични области. На четири информативни пултови тимови на Дирекцијата ги советуваа граѓаните за заштита на личните податоци во следните области:

- здравство,
- интернет,
- видео надзор и
- правна заштита на личните податоци.

Отворениот ден за граѓаните беше посетен од страна на заинтересирани граѓани, физички и правни лица. Исто така, на настанот присуствуваа и голем број на контролори кои соработуваат со Дирекцијата како и претставници на електронските и пишани медиуми преку кои настанот беше доследно претставен и на пошироката јавност.

## 6.1 Програма за обуки на контролори и обработувачи на збирки на лични податоци

Една од надлежностите на Дирекцијата е спроведување на обуки за заинтересираните контролори и обработувачи. Во текот на 2010 година, Дирекцијата примени нов пристап кој ќе обезбеди превентивно да се делува врз контролорите и обработувачите преку организација на обуки кои пак би придонеле за забрзување на процесот на усогласување на обработка на личните податоци со начелата за заштита на личните податоци.

Во насока на исполнување на својата надлежност, Дирекцијата во текот на септември 2010 година подготви и донесе Програма за обуки на контролорите и обработувачите за 2010 и посебна програма за 2011 која покрај генеричките обуки за заштита на личните податоци содржи и специјализирани обуки во 13 области. Обуките (еднодневни) се организираат во Дирекцијата, а учесниците добиваат сертификат за учество на обуката.

Објавувањето на Програмите за обуки за 2010 година и 2011 година на интернет страницата на Дирекцијата и дополнителното непосредно писмено обраќање до контролорите (според утврдена динамика по области за 2010 и 2011 година) придонесе за голем интерес за обуките, па така, започнувајќи од декември 2010 година, обуките се организираат на редовна неделна основа.

## 6.2 Обуки за контролори и обработувачи на збирки на лични податоци

Во текот на 2010 година беа реализирани вкупно 10 обуки од кои, 8 обуки согласно Програмата за обуки во Дирекцијата за заштита на личните податоци и 2 обуки надвор од Дирекцијата по барање на државни органи.

Бројот на учесници кои поминале обука за заштита на личните податоци изнесува 174 учесници од кои во првото полугодие 35, а во последното тромесечје, по влегувањето во сила на последните измени и дополнувања на Законот за заштита на личните податоци, обука поминале 149 лица.

## 6.3 Учество во други обуки

Во текот на 2010 година, Дирекцијата активно учествуваше на работилници, трибини, тркалезни маси на кои презентираше различни аспекти за заштитата на личните податоци

- Ден на побезбеден интернет, во организација на Фондација Метаморфозис
- Безбедност на интернет, во организација на Microsoft Македонија
- Безбедност на децата на интернет, СУГС Ѓорѓи Димитров

# 7. КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК

Дирекцијата води прекршочна постапка преку Комисијата за одлучување по прекршок, во согласност со Закон. Исто така, Дирекцијата во согласност со Законот за прекршоците е прекршочен орган и според тоа преку Комисијата за одлучување по прекршок изрекува глоби за сторени злоупотреби на правото на заштита на личните податоци. Во извештајниот период до Комисијата беа поднесени 32 барања за поведување на прекршочна постапка од кои 25 постапки се завршени, во 4 постапки е донесено решение за одбивање, а 3 постапки се сеуште во тек.

| Вкупно поднесени барања за поведување на прекршок во 2010 г. | Решени во 2010 година | Одбиени | Пренесени во 2011 |
|---|---|---|---|
| 32 | 25 | 4 | 3 |
| 100% | 78.1 | 12.5 | 9.4 |

Во 2010 година до Дирекцијата беа доставени вкупно 11 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер. Дирекцијата во законски предвидениот рок постапи по сите барања, со тоа што на 10 барања беше позитивно одговорено, односно Дирекцијата беше имател на бараната информација. Дирекцијата по службена должност препрати едно барање до друг државен орган за кој имаше сознанија дека е имател на бараната информација. Против одговорите на барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер дадени од страна на Дирекцијата нема вложено ниту еден приговор и не се поведени управни спорови.

| Вкупно поднесен и барања | Позитивно одговорен и барања | Број на препратени барања до имателот на бараната информација | Број на одбиени барања | Број на вложени приговори и одлуки | Број на поведени управни спорови |
|---|---|---|---|---|---|
| 11 | 10 | 1 | / | / | / |

Во насока на создавање на услови за поефикасно вршење на работите и задачите од надлежност на Дирекцијата, согласно актите за внатрешната организација и за систематизацијата на работните места на Дирекцијата, кои се целосно усогласени со Уредбата за начелата на внатрешната организација на органите на државна управа и Уредбата за описот на звањата на државните службеници, во Дирекцијата се предвидени следните организациски единици:



Видно од прикажаната организациска структура, во текот на 2010 година, новина во Дирекцијата претставува поделбата на Секторот за инспекциски надзор на Сектор за инспекциски надзор – исток и Сектор за инспекциски надзор – запад со цел зајакнување на надлежностите на инспекцискиот надзор. Друга новина е припојувањето на Одделението за меѓународна соработка и односи со јавноста и Одделението за финансиски прашања во Секторот за правни работи и меѓународна соработка како и Одделението за информатичка поддршка во Секторот за централен регистар, информатичка поддршка, стратешко планирање и анализа.

За 2010 година беа предвидени седум (7) нови вработувања од кои за четири (4) добиена е согласнсот за вработување на државен службеник од Агенцијата за државни службеници, но до крајот на 2010 година не е добиена согласност за обезбедени финансиски средства за ново вработување од Министерството за финансии.

Во текот на 2010 година на двајца државни службеници им престана работниот однос врз основа нивно барање, а еден државен службеник беше вработен врз основа на спогодба за преземање, така што на крајот на годината во Дирекцијата вкупниот број на државни службеници изнесуваше 19.

Во Дирекцијата работеа уште двајца дипломирани правници-асистенти на проектот за Апроксимација на законодавството на Република Македонија, финансиран од ФИООМ. Овие две лица извршуваа работни задачи во Секторот за правни работи и Секторот за инспекциски надзор, а врз основа на Договор за соработка помеѓу Дирекцијата и ФИООМ, потпишан во март 2009 година.

Образовната структура на вработените државни службеници во 2010 година е следна: шеснаесет државни службеници со високо образование, од кои десет дипломирани правници, двајца дипломирани економисти, двајца дипломирани информатичари, еден дипломиран политиколог и еден дипломиран педагог. Тројца државни службеници се со средно образование.

Во 2010 година, врз основа на Програмата за волонтери и практиканти во Дирекцијата за заштита на личните податоци за 2010 година, во Дирекцијата волонтираа вкупно 4 извршители сите со VII-1 степен на стручна подготовка.

## 10.1. Реализација на буџетот за 2010 година – сметка тип 637

Завршната сметка за 2010 година за сметката 637 на Дирекцијата е прифатена на 25.02.2011 година со следните показатели:

| | **денари** |
|---|---|
| Вкупен буџет за 2010 година | 12.452.000 |
| Остварен вкупен приход (трансфери од Буџетот на РМ) | 11.593.348 |
| Остварени вкупни трошоци | 11.593.348 |
| Нето вишок на приходите - добивка пред оданочување | 0 |
| Данок од вишокот на приходите – добивката | 0 |
| Нето вишок на приходите – добивка за пренос во наредната година | 0 |

Од вкупниот одобрен буџет на Дирекцијата за 2010 година во износ од 12.452.000 денари, реализирани се 93,10%, односно 11.593.348 денари. Во однос на структурата на Буџетот со сите одобрени пренамени на средства во текот на 2010 година, 10.528.000 денари или 84,55% од средствата се однесуваат на основни плати и придонеси за социјално осигурување,1.822.000 денари или 14,63% од средствата се однесуваат на стоки и услуги, а 102.000 денари или 0,82% од средствата се однесуваат на капитални расходи.

***Структура на вкупниот одобрен Буџет за 2010 година***




.Табела бр.1 - Преглед на реализација на финансиски средства по ставки во 2010 година

| Ставка | Буџет 2010 | Реализација | % на реализација |
|---|---|---|---|
| 401 | 7.661.000 | 7.054.392 | 92,08 |
| 402 | 2.867.000 | 2.626.373 | 91,61 |
| 420 | 247.500 | 247.477 | 99,99 |
| 421 | 1.200.000 | 1.193.370,50 | 99,45 |
| 423 | 105.800 | 105.789,50 | 99,99 |
| 424 | 76.500 | 76.353 | 99,81 |
| 425 | 142.200 | 138.215 | 97,20 |
| 426 | 50.000 | 49.973 | 99,95 |
| 480 | 64.500 | 64.269 | 99,64 |
| 483 | 13.000 | 12.744 | 98,03 |
| 485 | 24.500 | 24.392 | 99,56 |
| **Вкупно** | **12.452.000** | **11.593.348** | **93,10** |

**Реализација на финансиски средства по ставки во 2010 година**




Табела бр.2 – Компаративен преглед на реализација на финансиски средства по ставки - 2009 година во однос на 2010 година

| Ставка | Реализација 2009 | Реализација 2010 | 2009/2010 во проценти |
|---|---|---|---|
| 401 | 6.664.115 | 7.054.392 | 94,47 |
| 402 | 2.683.212 | 2.626.373 | 102,21 |
| 403 | 1.257 | | |
| 413 | 15.000 | 0 | 0 |
| 420 | 342.829 | 247.477 | 138,53 |
| 421 | 1.201.765 | 1.193.370,50 | 100,70 |
| 423 | 132.509 | 105.789,50 | 125,26 |
| 424 | 99.960 | 76.353 | 130,92 |
| 425 | 122.444 | 138.215 | 88,59 |
| 426 | 66.000 | 49.973 | 132,07 |
| 480 | 357.000 | 64.269 | 463,56 |
| 483 | | 12.744 | |
| 485 | 0 | 24.392 | 0 |
| **Вкупно** | **11.686.091** | **11.593.348** | **100,80** |

**Компаративен преглед на реализација на финансиски средства по ставки - 2009 година во однос на 2010 година**



## 10.2. Реализација на буџетот за 2010 година – сметка тип 631

Завршната сметка за 2010 година за сметката од типот 631 на Дирекцијата е прифатена на 25.02.2011 година со следните показатели:

| | ***денари*** |
|---|---|
| Вкупен одобрен Буџет за 2010 година | *60.000* |
| Остварен вкупен приход | 232.000 |
| Остварени вкупни трошоци | 17.732 |
| Нето вишок на приходите - добивка пред оданочување | 214.268 |
| Данок од вишокот на приходите – добивката | 214.268 |
| Нето вишок на приходите – добивка за пренос во наредната година | 214.268 |

Со предлог Буџетот за 2010 година Дирекцијата за заштита на личните податоци проектираше дека по основ на обуки за заштита на лични податоци за заинтересирани обработувачи и контролори на лични податоци ќе се оствари вкупен приход од 60.000 денари. Во текот на 2010 година по основ на одржани обуки за заштита на лични податоци остварен е вкупен приход од 190.000 денари, а од надомест за печатење на тендерски документации остварен е вкупен приход од 42.000 денари.

*План во однос на остварени приходи*




*Структура на приходи*




*Остварени приходи во однос на реализирани расходи*



Во однос на реализацијата на финансиските средства од сметката тип 631 на Дирекцијата направени се вкупни раходи од 17.732 денари, од кои 6.000 денари се однесуваат на расходи за репрезентација, а 11.732 денари се однесуваат на споредни патни расходи.



Слика број 1

| | |
|---|---|
| Започнати инспекциски надзори од 2009 г. и префрлени во 2010 г. | 24 |
| Започнати и извршени инспекциски надзори во 2010 година (има записник и решение) | 93 |
| **Вкупно** | **117** |

Слика број 2

| | **Преземени инспекциски надзори од 2009 год.** | **Извршени инспекциски надзори во 2010 год.** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| Редовни инспекциски надзори | 9 | 35 | 44 |
| Вонредни инспекциски надзори | 15 | 41 | 56 |
| Контролни инспекциски надзори | / | 17 | 17 |
| **Вкупно** | **24** | **93** | **117** |

Слика број 3

| | |
|---|---|
| Извршени инспекциски надзори во јавниот сектор | 58 |
| Извршени инспекциски надзори во приватниот сектор | 53 |
| Извршени инспекциски надзори кај физички лица | 6 |
| **Вкупно** | **117** |

**ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОРИ 2010**
**Ажурирани заклучно со 30.12.2010 година**

**Редовни инспекциски надзор**

| Бр. | Област според Годишната програма | Назив и седиште на контролорот/ обработувачот | Датум кога ќе се изврши надзорот | Сектор | Забелешка/ моментална состојба |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Здравство | Фонд за здравствено осигурување Скопје | 18.02.2010 | јавен | Пратено е **решение** Пратен е **предлог за порамнување** |
| 2. | Социјално осигурување | Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија | 04.03.2010 | јавен | Пратено е **решение** |
| 3. | Државни органи | Агенција за супервизија на капитално финансиско пензиско осигурување МАПАС | 10.03.2010 | јавен | Пратено е **решение** |
| 4. | Локална самоуправа | Општина Аеродром Скопје | 15.03.2010<br>03.05.2010 | јавен | Пратено е **решение** |
| 5. | Локална самоуправа | Општина Центар Скопје | 16.03.2010 | јавен | Пратено е **решение** |
| 6. | Трговија | Бомас ДОО Скопје | 22.03.2010 | приватен | Пратено е **решение** |
| 7. | Трговија | Тороне ДООЕЛ Скопје | 18.03.2010 | приватен | Пратено е **решение** |
| 8. | Локална самоуправа | Општина Бутел Скопје | 19.03.2010<br>03.05.2010<br>14.05.2010 | јавен | Пратено е **решение** |

| **Бр.** | **Област според Годишната програма** | **Назив и седиште на контролорот/ обработувачот** | **Датум кога ќе се изврши надзорот** | **Сектор** | **Забелешка/ моментална состојба** |
|---|---|---|---|---|---|
| 9. | Јавно обвинителство | ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција | 31.03.2010 | јавен | Пратено е **решение** |
| 10. | Образование | АСУЦ Боро Петрушевски Скопје | 11.03.2010 | јавен | Пратен е **записник,** Записник за порамнување Пратено е **решение** |
| 11. | Државни органи | Министерство за економија | 10.06.2010<br>09.07.2010<br>29.09.2010 | јавен | Пратено е **решение** |
| 12. | Обработувач | Еос Матрикс Скопје | 22.06.2010<br>01.07.2010 | приватен | Пратено е **решение** |
| 13. | Обработувач | Кредитекспрес Скопје | 24.06.2010<br>07.07.2010<br>13.07.2010 | приватен | Пратено е **решение** |
| 14. | Обработувач | Мелон солушнс Скопје | 29.06.2010<br>14.07.2010 | приватен | Пратено е **решение** |
| 15. | Контролор | ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор - Скопје | 15.06.2010 | јавен | Пратено е **решение** |
| 16. | Контролор | Градски паркинг Скопје | 18.06.2010 | | Пратено е **решение** |
| 17. | Образование | ОУ 11 Октомври Скопје | 12.07.2010<br>31.08.2010 | јавен | Пратено е **решение** |
| 18. | Трговија | К и К ЛТД и др.ДОО Скопје (Техномаркет) | 17.08.2010 | приватен | Пратено е **решение** |

| Бр. | Област според Годишната програма | Назив и седиште на контролорот/ обработувачот | Датум кога ќе се изврши надзорот | Сектор | Забелешка/ моментална состојба |
|---|---|---|---|---|---|
| 19. | Трговија | Нептун Еуромедиа Скопје | 15.07.2010 | приватен | Пратено е **решение** |
| 20. | Трговија | Фригошоп Скопје | 29.09.2010 | приватен | Пратено е **решение** |
| 21. | Образование | ОУ Гоце Делчев Скопје | 30.09.2010 | јавен | Пратено е **решение** |
| 22. | Образование | ОУ Кирил и Методиј Скопје | 29.09.2010 | јавен | Пратено е **решение** |
| 23. | Образование | Правен факултет Скопје | 13.10.2010 | јавен | Пратено е **решение** |
| 24. | Образование | Американски колеџ Скопје | 15.10.2010 | приватен | Пратено е **решение** |
| 25. | Банкарство | Шпаркасе банка Македонија АД Скопје | 20.10.2010 | приватен | Пратен е **записник** |
| 26. | Банкарство | УНИБанка АД Скопје | 21.10.2010<br>02.11.2010 | приватен | Пратен е **записник** |
| 27. | Банкарство | Алфа банка АД Скопје | 25.10.2010<br>04.11.2010<br>29.11.2010 | приватен | Надзорот е завршен |
| 28. | Државни органи | Биро за развој на образованието | 19.10.2010<br>25.10.2010 | јавен | Пратено е **решение** |
| 29. | Државни органи | Министерство за транспорт и врски | 28.10.2010<br>10.11.2010 | јавен | Пратен е **записник** |

| Бр. | Област според Годишната програма | Назив и седиште на контролорот/ обработувачот | Датум кога ќе се изврши надзорот | Сектор | Забелешка/ моментална состојба |
|---|---|---|---|---|---|
| 30. | Државни органи | Државен завод за статистика | 26.11.2010 23.12.2010 | јавен | Надзорот продолжува |
| 31. | Државни органи | Државен просветен инспекторат | 30.11.2010 24.12.2010 | јавен | Надзорот е завршен |
| 32. | Државни органи | Служба за општи и заеднички работи при Влада на РМ | 24.11.2010 17.12.2010 27.12.2010 | јавен | Надзорот е завршен |
| 33. | Осигурување | Национално биро за осигурување | 22.11.2010 22.11.2010 | приватен | Надзорот е завршен |
| 34. | Осигурување | Кроација Осигурување | 23.11.2010 20.12.2010 | приватен | Надзорот е завршен |
| 35. | Осигурување | Кјуби Македонија | 18.11.2010 21.12.2010 | приватен | Надзорот е завршен |

**Вонредни инспекциски надзори**

| Бр. | Област според Годишната програма | Назив и седиште на контролорот/ обработувачот | Датум кога ќе се изврши надзорот | Сектор | Забелешка/ моментална состојба |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Државни органи | Државен завод за статистика | 18.01.2010 | јавен | Пратено е **решение** |
| 2. | Трговија и угостителство | Антика ДООЕЛ Скопје Кафе Њујорк | 29.01.2010 | приватен | Пратено е **решение** |
| 3. | Физичко лице | Влатко Чанговски ул.Јуриј Гагарин 25 Скопје | 05.03.2010 | приватен | Пратено е **решение** |
| 4. | Туризам и угостителство | Скијачки центар Заре Лазаревски Маврово | 13.05.2010 | приватен | Пратено е **решение** |
| 5. | Туризам и угостителство | Мотел Бистра Маврово | 13.05.2010 | приватен | Пратено е **решение** |
| 6. | Туризам и угостителство | Хотел Алпина Маврово | 13.05.2010 | приватен | Пратено е **решение** |
| 7. | Туризам и угостителство | Ресторан Мал одмор Маврово | 13.05.2010 | приватен | Пратено е **решение** |
| 8. | Физичко лице | Влатко Георгиевски ул.Салвадор Аљенде бр.66 Скопје | 04.02.2010 09.02.2010 | приватен | Пратено е **решение** |
| 9. | Здравство | Клиника за уво, нос и грло Скопје | 03.03.2010 05.03.2010 | јавен | Пратено е **решение** |
| 10. | Здружение на граѓани | Здружение на возачи Делчево | 12.05.2010 | | Пратено е **решение** |

| Бр. | Област според Годишната програма | Назив и седиште на контролорот/ обработувачот | Датум кога ќе се изврши надзорот | Сектор | Забелешка/ моментална состојба |
|---|---|---|---|---|---|
| 11. | Образование | Средно општинско училиште Гостивар | 13.05.2010 | јавен | Пратено е **решение** |
| 12. | Социјална заштита | ЈУДГ 13-ти ноември Скопје и ЈУДГ 13-ти ноември Скопје – објект јасмин | 13.04.2010 | јавен | Пратено е **решение** |
| 13. | Трговија и угостителство | Хотел Континентал Скопје | 15.04.2010 | приватен | Пратено е **решение** |
| 14. | Образование | СУГС Лазар Танев Скопје | 22.04.2010 | јавен | Пратено е **решение** |
| 15. | Здравство | Инг Дијагностика Скопје - рендген | 28.04.2010 | приватен | Пратено е **решение** |
| 16. | Здравство | Универзитетска клиника за белодробни заболувања кај децата Козле | 28.04.2010 | јавен | Пратено е **решение** |
| 17. | Здравство | Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство Скопје | 28.04.2010 | јавен | Пратено е **решение** |
| 18. | Директен маркетинг | Македонски телеком | 29.04.2010 | приватен | Пратено е **решение** |
| 19. | Трговија и угостителство | Ресторан Кај Цино | 30.04.2010 | приватен | Пратено е **решение** |
| 20. | Државни органи | Управа за јавни приходи | 14.05.2010 | јавен | Пратено е **решение** |

| Бр. | Област според Годишната програма | Назив и седиште на контролорот/ обработувачот | Датум кога ќе се изврши надзорот | Сектор | Забелешка/ моментална состојба |
|---|---|---|---|---|---|
| 21. | Државни органи | Министерство за внатрешни работи на РМ, Сектор за внатрешни работи Струмица | 18.05.2010 | јавен | Пратен е **записник** |
| 22. | Локална самоуправа | Општина Сопиште | 20.05.2010 | јавен | Пратено е **решение** |
| 23. | Државни органи | Министерство за економија | 31.05.2010 | јавен | Пратен е **записник** |
| 24. | | Next Sense | 31.05.2010 | приватен | Пратен е **записник** |
| 25. | | Евро Ансер Скопје | 20.05.2010 | приватен | Пратено е **решение** |
| 26. | Маркетинг агенција | Аквила корпоратион Скопје | 18.06.2010 | приватен | Пратено е **решение (**по е-маил) |
| 27. | Контролор | АД ЕВН Македонија | 21.06.2010 | јавен | Пратено е **решение** |
| 28. | Државни органи | МВР (беко) | 15.07.2010 | јавен | Надзорот продолжува |
| 29. | Угостителство | Кафе бар ГРУВ | 27.07.2010 | приватен | Пратен е **записник** |
| 30. | Банкарство | Стопанска банка | 06.09.2010<br>08.10.2010 | приватен | Пратено е **решение**<br>Записник за **порамнување** |

| Бр. | Област според Годишната програма | Назив и седиште на контролорот/ обработувачот | Датум кога ќе се изврши надзорот | Сектор | Забелешка/ моментална состојба |
|---|---|---|---|---|---|
| 31. | Агенција за недвижности | Милениум | 28.09.2010 | приватен | Пратен е **записник** |
| 32. | | Друштво за услуги ДХТЦМ ДООЕЛ Скопје | 05.10.2010 | приватен | Пратено е **решение** |
| 33. | Хотелиерство | Македонија Турист Скопје | 13.10.2010 | приватен | Пратено е **решение** |
| 34 | Осигурување | Евроинс Осигурување | 08.11.2010 | приватен | Пратено е **решение** |
| 35. | Здравство | Универзитетска клиника по хирушки болест (Градска болница Скопје) | 11.11.2010 | јавен | Надзорот е завршен |
| 36. | Телекомуника ции | Оне телекомуникацис ки услуги | 16.11.2010 | приватен | Пратено е **решение** |
| 37. | Физичко лице | ул.,,Сава Ковачевиќ" бр.1 Скопје | 21.12.2010 27.12.2010 | приватен | Надзорот продолжува |
| 38. | Државни органи | Управа за јавни приходи | 23.12.2010 | јавен | Надзорот продолжува |
| 39 | Локална самоуправа | Општина Берово | 15.10.2010 | јавен | Надзорот продолжува |
| 40. | Маркетинг агенција | ИПСОС Стратеџик плус ДООЕЛ Скопје | 27.12.2010 | приватен | Надзорот продолжува |
| 41. | Медиуми | А1 телевизија, новинар Менче Атанасова Точи | 30.12.2010 | јавен | Надзорот продолжува |

**Контролни инспекциски надзори**

| **Бр.** | **Област според Годишната програма** | **Назив и седиште на контролорот/ обработувачот** | **Датум кога ќе се изврши надзорот** | **Сектор** | **Забелешка/ моментална состојба** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Здравство | Дневна болница за зависности- Кисела Вода | 08.02.2010 | јавен | Пратен е **записник** Постапено е по решението |
| 2. | Здравство | Градска болница Св.Наум Охридски Скопје | 16.02.2010 | јавен | Пратен е **записник** Записник за порамнување **бпп** |
| 3. | Здравство | Мала Богородица Системa Скопје | 16.02.2010 | јавен | Пратен е **записник** **бпп** |
| 4. | Образование | СЕПУГС Васил Антевски Дрен Скопје | 23.02.2010 | јавен | Пратен е **записник,** Записник за порамнување **бпп** |
| 5. | Образование | СУГС Владо Тасевски Скопје | 23.02.2010 | јавен | Пратен е **записник,** Записник за порамнување **бпп** |
| 6. | Здравство | Поликлиника Јане Сандански (инсулинска аптека) | 23.02.2010 | јавен | Пратен е **записник** **Постапено** по решение |
| 7. | Образование | СУГС Гимназија Јосип Броз Тито Скопје | 24.02.2010 | јавен | Пратен е **записник,** Записник за порамнување **бпп** |
| 8. | Образование | Министерство за образование и наука | 25.02.2010 | јавен | Пратен е **записник,** Записник за порамнување |

| Бр. | Област според Годишната програма | Назив и седиште на контролорот/ обработувачот | Датум кога ќе се изврши надзорот | Сектор | Забелешка/ моментална состојба |
|---|---|---|---|---|---|
| 9. | Образование | Меѓународно училиште НОВА Скопје | 25.02.2010 | приватен | Пратен е **записник,** Записник за порамнување **бпп** |
| 10. | Образование | СУГС Гимназија Орце Николов Скопје | 25.02.2010 | јавен | Пратен е **записник** Записник за порамнување **бпп** |
| 11. | Физичко лице | Зоран Трајковски ул.“Париска“ бр.8-б стан 1 Скопје | 25.02.2010 | приватен | Пратен е **записник** **Постапено е по решение** |
| 12. | Образование | Прв приватен универзитет ФОН | 23.03.2010 | приватен | Пратен е **записник,** Записник за порамнување |
| 13. | Образование | Економски факултет Скопје | 25.03.2010 | јавен | Пратен е **записник,** Записник за порамнување |
| 14. | Локална самоуправа | Општина Кисела Вода | 29.03.2010 | јавен | Пратен е **записник** Записник за **порамнувањ е** **бпп** |
| 15. | Осигурување | Вардар осигурување АД Скопје | 24.03.2010 | приватен | Пратен е **записник** |
| 16. | Превоз на патници | ЈСП | 31.03.2010 | јавен | Пратен е **записник** |
| 17. | Здравство | Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија | 07.05.2010 | јавен | Пратен е **записник** Записник за **порамнувањ е** **бпп** |